Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко
општество и администрација
Ministria e Shoqërisë
Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/28
16.12.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

Применo: 16.12.22
14-568/28

# Записник од 58 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 02.12.2022 год. | **Време** | 12.00 – 14.00 |
| **Бр. на седница** | 58-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Дрита Муртезани (МИОА), Сандра Анастасовска (МИОА) | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов и Букурије Јашари | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 16 и 18.11.2022 година.
2. Подготовка на ИКТ стратегијата.
3. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 58-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 57-та седница, одржана на 02.12.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, на седницата беше поканета Дрита Муртезани (координатор на проектот за подготовка на ИКТ стратегијата). Таа информираше околу подготовката на новата ИКТ стратегија. Исто така кажа дека при нејзината подготовка се вклучени разни засегнати страни со сугестии предлози и мислења, и дека од НКБК се очекува да се произнесе по однос на четвртиот столб на стратегијата: Digital Connectivity.

Таа исто така изврши презентација на драфт Стратегијата, давајки објаснување на целите и предвидените активности за реализација на истата. Истовремено нагласи дека стратегијата се подготвува согласно насоките од Дигиталниот компас.

Димитар Буковалов даде кус осврт околу активностите на Студијата за изводливост за изградба на НТОМ мрежа. Односно, даде осврт за предвидениот начин за изградба на НТОМ мрежа (идеа, концепт и сл.)

**Заклучок:** НКБК да се произнесе во однос на текстот од Драфт верзијата на новата ИКТ Стратегија. При тоа мислењето да биде согласно Законот за електронски комуникации, Законот за основање на ЈП МРД, Националниот оперативен бродбенд план, и

останатите прописи од областа.

**За третата точка од дневниот ред,**

Не се отвори дополнителна дискусија.

[redacted]

**Димитар Буковалов** ____________________